РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-17/4
26.01.2026 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте и четириесет и втора седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 25 декември 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 25 декември 2025 година, со почеток во 10.30 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте четириесет и втората седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители со Одлука број 03-321/3 од 21.08.2023 година.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше присуство на сите членови на Управниот одбор, како и дека материјалите за седницата се навремено доставени, по што го прочита предложениот дневен ред за седницата:

1. Усвојување на Записник од 241-ва седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

2. Продолжение на расправа и разгледување за донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата.

3. Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.

4. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори диксусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на записникот од 241-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, записникот од 241-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Понатаму, се пристапи кон разгледување на втората точка од дневниот ред - Продолжение на расправа и разгледување за донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата. Претседателот на Управниот одбор даде збор на диркторката на Академијата за судии и јавни обвинители.

Директорката на Академијата истакна дека би сакала да даде информација во однос на доделениот буџет на Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година. Истакна дека, во предлог буџетот, со буџетскиот циркулар, за 2026 година, Академијата побарала 177.380.971.00 денари, а со донесениот буџет за 2026 година и се дадени 91.472.000,00 денари.

Директорката на Академијата, истакна дека слушателите во почетна обука, согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители, земаат плата како виш обвинителски советник (со вкупно 313 бодови). Бруто платата за слушателите на почетна обука, без минат труд изнесува 68.210,00 денари, а нето плата без минат труд 45.227,00 денари, што би значело дека за еден слушател за 12 месеци се потребни 818.520,00 денари за бруто плата. Доколку се помножи тој износ (818.520,00 денари) по 130 слушатели (колку што е превидено за деветта генерација во почетна обука ) се добива износ од 106.407.600,00 денари износ за плата за 130 слушатели за 12 месеци (груба пресметка на плата без минат труд што значи дека кога кај секој кандидат ќе се пресмета и минатиот труд, вкупниот износ потрбен за плати за сите кандидати за 12 месеци ќе се зголеми).

Следно, директорката на Академијата истакна дека Академијата за судии и јавни обвинители, за 2026 година има одобрен буџет во делот за плати од вкупно 91.472.000,00 денари (вклучувајќи ги платите на директорите, редовно вработените и слушатели на почетна обука). Од тие средства, 26.000.000,00 денари изнесува бруто платата за сите вработени на Академијата за 12 месеци. Откако од одобрениот буџет за Академијата за 2026 година од делот за плати, кој изнесува

91.472.000,00 денари, ќе се одземат платите за вработените за 12 месеци, останувaат средства во износ од 65.472.000,00 денари. Преостанатиот износ од 65.472.000,00 денари, кога ќе се подели со 818.520,00 денари (плата за 12 месеци за еден слушател во почетна обука) се добива број - 79,98, заокружено на 80.

Директорката на Академијата, истакна дека, според овие пресметки, со одобрениот буџет на Академијата во делот за плати за 2026 година, обезбедени се средства со груба пресметка за 70 до 80 слушатели на почетна обука. Дополнително, повторно напомена дека се работи за груба пресметка бидејќи платите се пресметани без минат труд, а исто така и дека треба да се има во предвид фактот дека во месец март може да има и промена во платите на слушателите во почетна обука односно нивно покачување кое би предизвикало финансиски импликации.

Од друга страна, директорката на Академијата додаде дека Акадедемијата за судии и јавни обвинители во буџетските циркулари кои секоја година ги доставува до Министерството за финансии преку Судскиот буџетски совет, ги предвидува средствата за исплата на плати за 130 слушатели во генерација почетна обука. Така, во 2024 година, имало одобрени средства за девета генерација, но со ребалансот на буџетот на РСМ се намалени, додека за 2025 година, со ребалансот на буџетот се намалени на 52.796.000,00 денари.

Откако заврши излагањето на директорката на Академијата, претседателот на Управниот одбор отвори дискусија под оваа точка.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека согласно дадениот буџет на Академијата, се има во предвид за колку кандидати би имало финансиски средства за прием во Академијата за судии и јавни обвинители. Директорката на Академијата укажа дека ова се груби пресметки кои Академијата за судии и јавни обвинители ги има направено, но во секој случај, потребна е финансиска согласност од Министерството за финансии на РСМ. Додаде дека мора да се обезбеди финансиска согласност од Министесрството за финансии за било какво понатамошно дејствие.

За збор се јави претседателот на Советот на јавни обвинители, Башким Бесими, кој го истакна своето мислење, да се разгледа прашањето, дали постои можност доколку дел од кандидатите кои веќе работат во државни институции, буџетските средства за нив, од институциите од кои доаѓаат, за кои веќе се обезбедени финансиски средства, би можело да се префрлат на Академијата за судии и јавни обвинители, а за оние кандидати кои би се примиле во Академијата, а доаѓаат од не државни институции, би се искористиле финансиските средства кои се обезбедени со буџетот за 2026 година.

За збор се јави Радица Лазареска Геровска која го кажа нејзиното мислење дека согласно дадениот буџет, за деветтата генерација, вака како што е поставена, нема средства, дека согласно дадениот буџет има средства за помалку кандидати.

За збор се јави судија Антоанета Димовска, која истакна дека според неа, деветтата генерација треба да се сведе на онолку кандидати за колкав што број има финансиски средства, па преостанатите кандидати да претендираат за тие места.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека неговото мислење е дека не би било во ред да се врши намалување на бројот на кандидати во почетна обука во оваа фаза од причина што претходниот Управен одбор има донесено Одлука за 130 слушатели во почетна обука, како и објавениот јавен оглас гласи за 130 слушатели. Дел од останатите членови на Управниот одбор се согласија дека сето тоа би било многу дискутабилно, бидејќи на тој начин би се нарушила правната сигурност, би се јавило проблем со тоа како би се подлелите тие места помеѓу двата совети, дека истото нема да кореспондира со Одлуките за проекциите за потребите на ССРСМ и СЈОРСМ како и со Одлуката на УО и објавениот јавен оглас.

За збор се јави јавен обвинител Златко Биковски, кој го даде своето мислење дека според него, редуцирањето на бројот на слушатели во почетна обука би произвело најмалку две повреди на Уставот: повреда на правната сигурност и владеењто на правото, а втората повреда на правото на еднаков пристап до законот, правда и рамноправноста. Истакна дека повредата овие начела ја гледа во фактот дека во одреден момент државата искажала потреба за 130 лица во почетна обука, по што одеднаш бројот се редуцира и самото стеснување на можноста за влез на 130 слушатели значи повреда на правната сигурност на граѓаните. Истакна дека смета дека не смее да се прави никаква интервенција во веќе објавен оглас и доколку постапката по истиот има пречки да заврши онака, како што почнала, истата треба да се поништи и да се отпочне со нова постапка во која сите заинтересирани под рамноправни услови би претендирале кон слободните места во почетна обука. Додаде дека за жал законот не превидел ваква ситуција, но дека неговото мислење е дека се води кон поништување на овој оглас.

Збор побара членот на ССРСМ, Антоанета Димовска, која го искажа нејзиното мислење дека оваа ситуација не е воопшто лесна правна состојба, па да може лесно да се процени како да се постапи понатаму, но дека самата како судија би го направила следното: огласот бил објавен за 130 слушатели, истиот во моментот е во фаза на полаган квалификациски испит, а во процесот претстојат уште тестирања. Истакна дека смета дека навистина не е во ред на кандидатите да им се каже дека наместо 130 места, сега има обезбедено финансиски средства само за 70 лица, но процесот на тестирање сеуште трае и секој од нив сеуште има шанси да влезе во тие 70 места. Втората можност е да се каже дека целиот досегашен труд

на кандидатите бил залуден и процесот ќе почне одново. Додаде дека од вака поставени две „зла", самата како судија би го одбрала помалото – а тоа според неа е да се стесни бројот на кандидати, бидејќи за тоа има поголемо и поцврсто образложение – дека државата има обезбедено толку финансиски средства, за помал број кандидати, отколку за другото решение – огласот да се поништи и целиот нивен труд ќе биде обезвреднет.

За збор се јави директорката на Академијата која истакна дека повторно би сакала да укаже дека Управниот одбор при одлучувањето треба да го има во предвид фактот дека информацијата за финансиските средства е груба пресметка на средства направена од Академијата за судии и јавни обвинители, но дека во секој случај пред било какво дејствие за продолжување на постапката или нова постапка, мора да се побара финансиска согласност од Министерството за финансии на РСМ за тековната година.

Следно, се водеше кратка дискусија во однос на потребата од обезбедување финансиска согласност за 2026 година. За збор се јави Радица Лазареска Геровска, која укажа дека обраќањето до Министерството за финансии на РСМ не може да гласи за колку лица има обезбедено финансиски средства, туку треба да се каже точна бројка на лица за колкав што број се бараат финансики средства.

Збор зема јавниот обвинител Спасенка Андонова, која го кажа своето мислење дека обраќањето до Министерството за финансии на РСМ мора да биде контретно во однос на тоа за колкав број слушатели се бараат финансиски средства, додека бројката пак на слушатели мора да биде заснована на дадените потреби од страна на ССРСМ и СЈОРСМ и Одлуката на Управниот одбор на Академијата. Јавниот обвинител Спасенка Андонова истакна дека би сакала да додаде уште нешто во однос на темата, а поврзано со досегашните дискусии по однос на истата, а се однесува на направените материјални трошоци кои се направени, како од кандидатите, така и од страна на Академијата. Додаде дека би сакала да укаже дека за неа тој дел не е воопшто дискутабилен бидејќи секој кој претендира за одредена позиција свесно се изложува на трошоци бидејќи е извесно дека постои шанса да ја добие позицијата. Д-р Алу Алиу зема збор и истакна дека дискусијата би требало да се води во однос на трошоците кои Академијата ги има направено во досегашниот процес на приемен испит, дали би било рационално да се повторат истите трошоци во случај на поништување на овој оглас.

Понатаму, беше дискутирано дали Управниот одбор во овој момент треба да се обрати до Министерството за финансии на РСМ во насока на добивање одговор за колкав број слушатели би имало обезбедно финансиски средства за 2026 година, бидејќи во секој случај, освен проекцијата на Академијата врз база на доделените

средства, мора да се има и финансиска согласност од Министерството за 2026 година.

Збор зема членот на УО, Радица Лазареска Геровска, која истакна дека процесот веќе три години стои во место и дека Управниот одбор е тој кој треба да преземе нешто во однос на истиот.

Членот на ССРСМ, Антоанета Димовска, го искажа своето мислење дека доколку се доделени средства на Академијата за онолкав број на кандидати за колку што е направена пресметката од Академијата, не би требало да не може да се искористат доделените средства. Посочи дека смета дека Управниот одбор мора да ја реши оваа ситуација, како што истакна и погоре – или да се редуцира бројот на кандидати – од 130 на 70/80 лица, за колку што има финансиски средства, или да се поништи огласот и да се почне со нова постапка, за каква што одлука лично таа нема образложение.

Збор зема јавниот обвинител Златко Биковски, кој истакна дека се што е кажано од членовите на Управниот одбор низ сите дискусии на седниците наназад кога било дискутирано ова прашање е логично и правно издржано, дека се работи за правна ситуација која не е законски предвидена и регулирана и дека сите дискусии и активности биле со една цел изнаоѓање на решение на оваа ситуација. Додаде дека од самиот почеток на разгледување на ова прашање Управниот одбор бара логичен и законски издржан агрумент во насока на решавање на ова прашање, дека дебатата долго трае и веќе треба да биде финализирана. Во ситуација кога решението не може да се најде во ниеден закон, а ни во Уставот, имајќи ја во предвид суперматијата на Уставот над законите, одлуката би требало да се потпре на правните начела пропишани во уставот над кои се потпира еден правен систем. Се согласи со размислувањето на членот на ССРСМ, Антоанета Димовска дека треба да се одбере помалото од двете „зла". Додаде дека во однос на надлежноста на Управниот одбор по однос на ова прашање, ЗАСЈО во делот на надлежностите на Управниот одбор меѓудругото вели дека Управниот одбор донесува одлуки, решенија, заклучоци и одлучува за други прашања согласно Законот и Статутот. Истакна дека законот нема превидено ситуација ниту за поништување на огласот ниту за редуцирање на бројот на кандидати, дека Управниот одбор треба да појде од тоа за што има логичен одговор во образложението на одлуката, како и дека на крајот кога се ќе се собере и одземе, помеѓу двете можни опции, според него во овој момент се води кон поништување на јавниот оглас. Дополни дека постојат многу судски примери каде што објавени јавни огласи се поништуваат поради немање финансиски средства.

Претседателот на Управниот одбор се согласи дека во судовите се случувало да има објавено оглас, да пристигне заклучок дека нема финансиски средства за реализирање на тоа вработување и огласот да биде поништен поради немање финансиски средства.

Збор зема судија Али Алиу кој дополни дека во оваа ситуација постојат и законски пречки за продолжување на овој оглас – во однос на грешката со бодовите на усниот дел од приемниот испит, која одредба не е применлива во пракса.

Претседателот на Управниот одбор го истакна неговото мислење дека се согласува со размислувањето на јавниот обвинител Златко Биковски и Радица Лазареска Геровска.

Членот на ССРСМ, Антоанета Димовска, истакна дека за неа пречката во однос на законската грешка во бодовите на усниот дел од приемниот испит не е причина за поништување на овој оглас бидејќи и да се поништи истиот, законското решение е такво и истото ќе важи и за идна генерација во почетна обука, освен ако не се смени во меѓувреме. Јавниот обвинител Биковски одговори дека за тоа постои правен механизам, преку обраќање до Министерството за правда, како овластен предлагач на ЗАСЈО, да бара исправка на оваа грешка.

Членот на ССРСМ, Антоанета Димовска повторно истакна дека е на мислење дека во случајот се потрошиле ресурси, кандидатите се пријавиле на оглас, дека фактот дека и во минатото се поништувале огласи поради немање финансиски средства не е за пофалба и одлуката не треба да се базира на таквите искуства. Дополни дека не се работи за приватен сектор каде сопственикот слободно располага и одлучува, туку се работи за државен конкурс, дека кандидатите сеуште се наоѓаат во фаза на тестирање, нема финални листи на примени кандидати и дека истите имаат уште шанси да си обезбедат место во бројот на кандидати кои ќе бидат примени преку постигнатиот успех во понатамошните испити кои треба да се довршат. На крајот, кажа дека во секој случај се работи за колективен орган и дека како ќе одлучи мнозинството, одлуката ќе биде таа.

Судија Беса Адеми истакна дека смета дека е дојдено време да се одлучи по однос на ова прашање.

Директорката на Академијата повторно напомена дека оваа дадена пресметка од Секторот за финансии на Академијата е направена врз база на дадените финансиски средства кои се добиени за 2026 година во Буџетот на Академијата во делот за плати, но дека во секој случај мора да се обезбеди финансиска согласност од Министерството за финансии на РСМ. Судија Беса Адеми

ја праша директорката на Академијата што треба да биде прво временски, дали согласноста од МФ или Одлуката на УО за продолжување/поништување на јавниот оглас. Директорката на Академијата одговори дека од она што досега го знае, е дека секогаш во минатото се давале финансиски средства со Буџетот, но задолжително мора да се обезбеди финансиска согласност од Министерството за финансии за вработување на овие кандидати бидејќи истите засноваат работен однос со Академијата. Директорката на Академијата повторно даде преглед на настаните дека во 2022 година е побарана и добиена финансиска согласност за вработување на 130 слушатели во почетна обука за 2023 година, дека со Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2024 година е продолжена согласноста на нереализираните вработувања кои не завршиле во 2023 година, а имале обезбедено финансиска согласност за 2023 година, за во 2024 година, за што има и писмено известување, кои се доставени до УО. Додаде дека со ребалансот на буџетот во 2024 година е укината финансиската согласност и понатаму за 2025 година не е дадена, додека за 2026 година, согласно доделените финансики средства состојбата е таа која е презентирана на почетокот на оваа седница. Радица Лазареска Геровска укажа на делот од хронологијата при излагањето на директорката на Академијата од претходната седница, каде се вели дека по одлуки на ССРСМ и СЈОРСМ, и согласност од МФ од 11.01.2023 година, објавен е оглас за 130 слушатели, од што прозилегува дека прво е обезбедена согласност па потоа е објавен оглас.

Претседателот на Управниот одбор даде кратка пауза. По паузата од 10 минути, седницата продолжи. Претседателот на Управниот одбор побара изјаснување од членовите на Управниот одбор, што предлагаат по однос на оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на ССРСМ Антоанета Димовска, која заклучи дека по пресметката на Академијата во буџетот доделен на Академијата има предвидено средства за плати за 70тина кандидати груба пресметка, како и дека факт е дека за нивно вработување треба согласност од Министерството за финансии. Додаде дека за објавениот оглас кој гласи за вработување на 130 слушатели во почетна обука, дека во моментот има две можности. Едната можност е огласот да се поништи за што не би знаела какво би било образложението, освен дека нема предвидено финансиски средства, по што би се објавил оглас за онолку кандидати за колку што има финансиски сресства, кој што би гласел со бројка надвор од утврдената бројката од двата совети, бидејќи за бараниот број на места нема доволно средства. Другата можност е постапката да продолжи наместо со 130, со 70тина кандидати за колку што има финансиски средтсва. Истакна дека по неа ниту едната ниту другата можност не е чиста правна ситуација, но дека самата како судија оди по принципот на правичност, што во случајот би било дека огласот е објавен, кандидатите дошле до некоја фаза од тестирање, но само 70тина можат да бидат во игра затоа што

само за толку има средства. Додаде дека во случајов не смета дека елимира некого, бидејќи кандидатите сеуште се во фаза на тестирање и сите од нив сеуште имаат шанса за влез во таа бројка од 70тина лица. Истакна дека кога ќе ги спореди овие две можности, смета дека подобра е одлуката деветтата генерација да продолжи понатаму со помал број на кандидати за колку што има финансиски средства и дека поинаку не може да гласа, како судија и правник. Дополни дека во секој случај и за нејзиниот предлог постои ризик да Министерството за финансии не даде согласност и тоа би сакала да го изнесе како факт. На крајот, сумираше дека нејзиниот конкретен предлог е постапката по огласот да продолжи онаму каде што е застанат, со намален број на кандидати, во рамки на расположливите финансиски средства за оваа намена.

Судија Али Алиу посочи дека каква и да биде одлуката, истата треба да биде детално образложена и дека многу фактички состојби после толку време може да се смениле, како пример ги даде доставените потврди за неосудуваност и слично, што можеби во меѓувреме се променило.

Радица Лазареска Геровска изнесе предлог да се поништи огласот за прием на девета генерација во почетна обука од причина што огласот е објавен за период 2023-2024 година, бидејќи веќе е 2026 година, изминати се две години од моментот кога требало да заврши почетната обука во Академијата, дополнително на што не се дадени финансиски средства за прием на 130 слушатели, изминат е долг период и променети се околностите.

За збор се јави јавниот обвинители Спасенка Андонова која истакна дека за неа есенцијално е добивање на одговор на прашањето, дали Академијата ќе има можност да ги користи доделените средства за оваа намена со буџетот за 2026 година, што за неа ќе биде пресудно за донесување на оваа одлука.

Збор побара судија Беса Адеми. Истакна дека расправата веќе е дојдена до фаза на давање предлози и во оваа фаза расправата е исцрпена, а во спротивно треба да се повлечат предлозите.

За збор се јави судија Али Алиу кој истакна дека имајќи предвид дека оваа ситуација на овој Управен одбор е наследена од претходно и дека овој состав на Управниот одбор најмалку има придонес на состојбата на оваа ситуација, добро би било при одлучувањето и гласањето да се даде образложение на гласот, па даде пример дека можеби самиот е за да продолжи оваа генерација, но фактичката ситуација е таква да има законски пречки за продолжување на постапката и нема услови за продолжување на истата. Претседателот на Управниот одбор истакна дека се согласува со ставот на судијата Али Алиу и дека и самиот ќе гласа за

поништување на јавниот оглас, поради истите причини како и судијата Али Алиу – дека е за да продолжи оваа генерација, но фактичката ситуација е таква да има законски пречки за продолжување на постапката и нема услови за продолжување на истата. Додаде дека верува дека доколку имаше финансиска согласност и средства за 130 кандидати оваа генерација во почетна обука, сите членови на Управниот одбор би биле за тоа да започнатата приемна постапка продолжи онаму каде што е запрена. Додаде дека фактичката состојба согласно доделените финансиски средства за 2026 година не кореспондра со бројот од 130 слушатели во почетна обука, бидејќи се добиени помалку средства за околу 70/80 кандидати.

Претседателот на Управниот одбор ги сумираше двата предлози и тоа – првиот предлог на членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска, започнатата постапка за прием на слушатели во деветта генерација почетна обука да продолжи, но со намален број на слушатели за колку што има обезбедено финансиски средства во буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители и вториот предлог на Радица Лазареска Геровска, започнатата постапка за прием на 130 слушатели во почетна обука да се поништи поради досега споменатите пречки за продолжување со постапката.

Директорката на Академијата повторно напомена дека информацијата за расположливите средства се дадени согласно направените груби пресметки на Академијата, за што нема согласност од Министерството за финансии на РСМ, која е неопходно да биде обезбедена.

Се отвори кратка дискусија дали е исцрпена дискусијата по однос на ова прашање и дали е момент да се донесе одлука по однос на истото, по што на крај претседателот на УО го стави на гласање прашањето дали да се одлучи по однос ова прашање на оваа седница. Со шест гласа ЗА и три гласа ПРОТИВ се одлучи дека на оваа седница треба да се донесе одлука по однос на прашањето за започнатата постапка за прием на 130 слушатели на деветтата генерација во почетна обука. ЗА предлогот гласаа следните членови на УО: претседателот на УО, м-р Бесник Авдија, заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова, судија Беса Адеми, јавен обвинител Златко Биковски, судија д-р Али Алиу и Радица Лазареска Геровска. ПРОТИВ предлогот гласаа: претседателот на СЈОРСМ, м-р Башким Бесими, членот на СЈОРСМ, Душица Димитриеска и членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска.

Имајќи го во предвид претходно одлученото, претседателот на Управниот одбор, го стави на гласање првиот предлог на членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска, започнатата постапка за прием на слушатели во деветта генерација почетна обука да продолжи, но со намален број на слушатели за колку што има

обезбедено финансиски средства во буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители.

ЗА предлогот имаше еден глас, од членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска и ПРОТИВ ваквиот предлог беа останатите осум членови на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор констатираше дека не е прифатен предлогот на членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска, огласот за деветта генерација во почетна обука да продолжи со намален број на слушаели за колку што има обезбедено финансиски средства во буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители.

Следно, беше ставен на гласање предлогот на Радица Лазареска Геровска, за поништување на јавниот оглас објавен во „Службен весник на РСМ" број 130 од 24.01.2023 година за прием на 130 слушатели во деветта генерација почетна обука во Академијата.

Со шест гласа ЗА и три гласа ПРОТИВ се донесе Одлука за поништување на јавниот оглас објавен во „Службен весник на РСМ" број 19 од 30.01.2023 година за прием на 130 слушатели во деветта генерација почетна обука во Академијата за 2023-2024 година. ЗА предлогот гласаа следните членови на УО: претседателот на УО, м-р Бесник Авдија, заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова, судија Беса Адеми, јавен обвинител Златко Биковски, судија д-р Али Алиу и Радица Лазареска Геровска. ПРОТИВ предлогот гласаа: претседателот на СЈОРСМ, м-р Башким Бесими, членот на СЈОРСМ, Душица Димитриеска и членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска.

Со оглед на тоа дека втората точка од дневниот ред беше исцрпена, се премина кон разгледување на третата точка на дневен ред- Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители. Директорката на Академијата истакна дека на седницата на Програмскиот совет одржана на 19 декември 2025 година, Програмскиот совет разгледал примени пријави за предавачи во Академијата, од која што седница била подготвена Информација број 02-430/4 од 25.12.2025 година, во однос на истите која е доставена до членовите на Управниот одбор како материјал за оваа седница.

Претседателот на Управниот одбор констатираше дека се утврдува дека пријавите на следните предавачи ги исполнуваат законски предвидените услови за предавачи во Академијата, по што се врши дополнување на листата на предавачи на Академијата со следните предавачи:

1. Љупчо ТОДОРОВСКИ, судија на Граѓански суд Скопје;
2. Бранка НАУМОСКА, судија на Основен кривичен суд Скопје;
3. Даниела МИНОСКА, судија на Граѓански суд Скопје;

4. Гордана ЈАКОВА, судија на Граѓански суд Скопје;
5. Мери ВАСИЛЕВА, судија на Граѓански суд Скопје;
6. Вељанка ДОНЕВСКИ, судија на Граѓански суд Скопје;
7. М-р Елена ЖАКУЛА, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје;
8. Трајче ПЕЛИВАНОВ, јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство Скопје;
9. Марија ЃОРЃЕВА, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за организиран криминал и корупција;
10. Д-р Марија КОСТАДИНОВСКА, доктор специјалист психијатар;
11. Маријан КОЦЕВСКИ, нотар;
12. Лорија ВАНЕВСКА, нотар и
13. Д-р Леонид ТРПЕНОСКИ, адвокат.

Под точката **Разно**, беше дискутирано за понатамошните чекори во однос на нова генерација почетна обука во рамки на расположливите средства.

Јавниот обвинител Златко Биковски даде предлог дека смета дека Академијата треба да се обрати до Министерството за правда на РСМ со укажување за потребата од измена на спорниот член во Законот за Академија за судии и јавни обвинители во однос на бодирањето на усниот дел од приемниот испит. Радица Лазареска Геровска укажа дека смета дека е непотребно да се доставува ваков допис имајќи го во предвид фактот дека во моментот секако се работи на нов текст на Законот за Академија за судии и јавни обвинители. Се разви дискусија и во однос на прашањето дали во овој момент Академијата треба да се обрати до Министерството за финансии на РСМ заради обезбедување на финансиска согласност за прием на нова генерација почетна обука во рамки на доделените средства за 2026 година. Директорката на Академијата истакна дека за да може Академијата да се обрати до Министерството за финансии на РСМ, Управниот одбор мора да донесе Одлука за колкав број на слушатели да биде побарана финансиската согласност. Беше одржана кратка дискусија околу ова прашање, по што директорката на Академијата го прочита членот 30 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, кој вели дека „Управниот одбор на Академијата со Одлука го определува почетокот на спроведувањето на приемниот испит и бројот на слушателите кои ќе бидат запишани во таа генерација, имајќи ги во предвид одлуките на ССРСМ и СЈОРСМ". Директорката на Академијата укажа дека согласно оваа одредба, Управниот одбор треба да го определи бројот на слушатели во новата генерација почетна обука, па врз основа на таа Одлука, Академијата да побара согласност од Министерството за финансии на РСМ.

Претседателот на Управниот одбор заклучи дека најдобро е за следната седница на УО во јануари 2026 година, Академијата да направи точна пресметка во

однос на тоа за колкав број слушатели Академијата има финансиски средства, по што за истото ќе биде донесена Одлука за утврдување на бројот на слушатели за новата генерација почетна обука на Академијата.

Директорката на Академијата ги замоли членовите на Управниот одбор доколку може наредната седница на Управниот одбор да не биде на крајот од месец јануари, бидејќи на истата треба да биде донесен Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, кој по донесувањето треба да биде објавен на Електронскиот систем за јавни набавки, на што членовите на Управниот одбор одговорија потврдно.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 242-та седница на Управниот одбор на Академијата во 12.00 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси